Funded by the
European Union

# Извештај од настан

## Форум Еуропеум 2025
## Владеењето на правото и Планот за раст како двигатели на пристапувањето во ЕУ

На 8 јули 2025 година, Институтот за европска политика (ЕПИ) по петнаесетти пат ја одржа годишната конференција Форум Еуропеум 2025 посветена на Европска интеграција и владеење на правото. Настанот се одржа во Скопје и собра широк спектар на учесници, вклучувајќи креатори на политики, претставници на дипломатски мисии, правни експерти, академска заедница и граѓански организации. Целта на конференцијата беше да се отвори суштинска дебата за процесот на европска интеграција на Северна Македонија и регионот, со особен фокус на политичките, институционалните и правните аспекти поврзани со владеењето на правото.

Во две тематски панел-дискусии, учесниците разговараа за новиот политички контекст за проширување на Европската Унија и како земјите од Западен Балкан, особено Северна Македонија, можат проактивно да ги искористат новите можности. Учесниците разменија мислења за актуелните политички и институционални предизвици во процесот на проширување, за новите иницијативи на ЕУ како Планот за раст за Западен Балкан, но и за тоа како Северна Македонија може подобро да ги искористи инструментите за владеење на правото за да напредува во преговорите. Се анализираше спроведувањето на реформите, почитувањето на основните права, но и предизвиците поврзани со институционалната отпорност и довербата во правосудниот систем.

Конференцијата се организираше во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеење на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, кој го спроведува ЕПИ со поддршка од Европската Унија. Проектот има за цел да придонесе кон одржување на отворен и информиран дијалог помеѓу ЕУ и земјите кандидатки, преку унапредување на разбирањето и примената на инструментите за владеење на правото во контекст на проширувањето.

# Содржина

Воведни обраќања ........................................................................................................ 2
Панел 1: Проширувањето на Европската Унија: моменталната состојба и мислења од европски тинк-тенкови ........................................................................................................ 3
Дискусија ........................................................................................................ 7
Клучни согледувања ........................................................................................................ 8
Препораки ........................................................................................................ 9
Панел 2: Владеењето на правото како клучен столб на темелите и преговорите за пристапување во ЕУ ........................................................................................................ 10
Дискусија ........................................................................................................ 12
Клучни согледувања ........................................................................................................ 13
Препораки ........................................................................................................ 14
Заклучни согледувања ........................................................................................................ 15

## Воведни обраќања

Конференцијата ја отворија Симонида Кацарска, извршна директорка ЕПИ, Бен Нупнау, заменик шеф на мисија во Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија, и Н.Е. Пернил Далер Кардел, амбасадорка на Кралството Данска во Србија, Црна Гора и Северна Македонија. Говорниците ги истакнаа приоритетите на ЕУ, подвлекувајќи дека постои широка согласност за проширувањето, како и дека реформските процеси се од суштинско значење за земјите-кандидатки.

**Симонида Кацарска** го отвори настанот со благодарност до присутните и со кус осврт на развојот на годишната конференција, која годинава се одржува по петнаесетти пат. Таа истакна дека оваа конференција е резултат на повеќегодишен напор да се создаде простор за дебата за европската интеграција, не само на Северна Македонија, туку и на целиот регион на Западен Балкан. Кацарска го нагласи континуираниот ангажман на ЕПИ во поврзување на различни актери, институции, експерти, претставници на ЕУ и граѓанскиот сектор околу прашањата поврзани со пристапувањето кон ЕУ. Истакна дека токму овој вид на соработка и отворена дебата се клучни за да се обезбеди суштински напредок, особено во области како што е владеењето на правото, кое останува централна тема во преговорите со ЕУ. Осврнувајќи се на поддршката од Делегацијата на ЕУ, Кацарска нагласи дека последните четири години одржувањето на конференцијата беше обезбедено токму преку оперативната поддршка од ЕУ, што, според неа е особено значајно за институционалното зајакнување и задржување на европската агенда високо на националната листа на приоритети. Таа особено се заблагодари за присуството на амбасадорката на Кралството Данска, Пернил Далер Калдер, нагласувајќи ја нејзината посветеност и вклученост во националниот контекст. На крајот таа нагласи дека тимот на ЕПИ останува посветен на мисијата да обезбеди експертски придонес во процесот на европска интеграција, преку градење мостови меѓу различни сектори и нивоа на владеење. Токму преку ваквите конференции, рече таа, ЕПИ се обидува да ја задржи темата за ЕУ интеграциите како приоритет во јавниот и политичкиот дискурс.

Во своето обраќање, **Бен Нупнау** ја истакна важноста на форумот кој, како што рече, низ изминатите 15 години се етаблира како значајна платформа за стручна дебата за европската интеграција и владеењето на правото. Тој се осврна на актуелниот политички контекст, потенцирајќи дека годинешната конференција се одржува во клучен момент, по одржувањето на Самитот за Планот за раст на Западен Балкан во Скопје, кој претставуваше практичен почеток на спроведувањето на новата европска визија за регионот. Нупнау нагласи дека последниве години, под влијание на геополитичките и предизвици во ЕУ, се создаде сериозен замав за проширување на Унијата. Како што посочи, постои консензус за натамошно проширување, но овој прозорец на можности нема да трае вечно. Затоа, како што истакна, неопходно е државите од регионот, вклучително и Северна Македонија, да го искористат моментот и да започнат со суштински реформи, не само заради ЕУ, туку пред сè заради бенефитите што тие реформи ќе ги донесат за граѓаните уште пред формалното членство. Тој детално ги

објасни столбовите на Планот за раст, кој има за цел да ја засили економската интеграција меѓу ЕУ и регионот, да поттикне иновации, вработување и просперитет, овозможувајќи пристап до делови од Единствениот пазар на ЕУ и зајакнување на Регионалниот заеднички пазар. Подвлече дека реформите бараат длабока општествена трансформација и политичка волја, а нивниот успех зависи од самите држави. Финансиската поддршка од ЕУ е условена со исполнување на конкретни индикатори, што ја зголемува одговорноста и транспарентноста на процесот. Тој ја истакна важноста на вклучувањето на граѓанското општество, посебно во следењето на реформите, како што беше случајот со неодамнешниот состанок на Комитетот за следење на Планот за раст. Во заклучок, Нупнау ги охрабри учесниците да продолжат со експертски придонес и активно учество, со цел реформите да станат реални и да донесат конкретни придобивки за граѓаните уште пред формалното членство во ЕУ.

**Амбасадорката Пернил Далер Кардел**, во своето излагање на конференцијата се осврна на визијата на данското претседателство со ЕУ. Таа истакна дека новото геополитичко опкружување, особено во контекст на војната во Украина, драстично ги промени приоритетите и перцепциите за европското проширување. Ако до неодамна постоеше скептичност, денес проширувањето се смета за безбедносна неопходност. Кардел нагласи дека кандидатските земји, како Северна Македонија, ќе успеат во процесот само ако во него е вклучено целото општество, бидејќи промените што се бараат се длабоки и сеопфатни. Истакна дека данското претседателство се води од две групи на приоритети: посилна и побезбедна Европа, и поконкурентна и позелена Европа. Објасни дека делот за безбедност вклучува зголемување на инвестициите во одбраната, особено во рамките на НАТО, каде што се цели кон вложување од најмалку 5% од БДП на државите. Во однос на конкурентноста, таа посочи дека ЕУ мора да им помогне на компаниите преку поедноставување на регулативите и поддршка на зелената транзиција, која не смее да биде потисната поради други кризи. Кардел особено ја нагласи амбицијата на Данска во борбата против климатските промени. Таа ја повлече паралелата меѓу борбата со климатските промени и процесот на проширување, за кои истакна дека претсавуваат два предизвици кои изгледаат тешки, но можат да бидат достижни со цврста волја и визија. Во заклучок, амбасадорката порача дека, и покрај неизвесноста што ја носи современиот момент, Данска е решена да го искористи претседателството за да придонесе кон пообединета, постабилна и поодржлива Европа.

## Панел 1: Проширувањето на Европската Унија: моменталната состојба и мислења од европски тинк-тенкови

На оваа панел дискусија учествуваа Андреј Лепавцов, амбасадор и директор на Директоратот за Европска унија при Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Северна Македонија; Христина Конеска Бероска, државна советничка во Министерството за европски прашања на Северна Македонија; Лукаш Мацек, раководител на Центарот „Гранд Европа“ при Институтот Жак Делор во Париз; Изабел Јоанидес, виша истражувачка од Хеленската фондација за европска и

надворешна политика (ELIAMEP); и Берта Лопез Доменеч, аналитичарка од Центарот за европски политики (EPC) во Брисел. Панел-дискусијата беше посветена на актуелната состојба и предизвиците во процесот на проширување на Европската Унија, како и на геополитичките, институционалните и економските аспекти кои влијаат врз иднината на регионот и пристапниот процес.

Во своето обраќање, **Андреј Лепавцов** се осврна на развојот на процесот на проширување на Европската Унија, кој според него повторно доби централно место на европската агенда по серијата кризи, како што се мигрантската криза, нарушените трансатлантски односи и, пред сè, руската агресија врз Украина. Во тој контекст, Лепавцов ја посочи важноста од новата методологија за преговори, како и иницијативата за постепена интеграција, која овозможува поголемо вклучување на земјите кандидати во европските политики и заедничкиот пазар пред самото членство. Лепавцов зборуваше и за сложените аспекти на процесот, особено за билатерализацијата на преговарачката рамка, со конкретен фокус на спорот помеѓу Северна Македонија и Бугарија. Тој подвлече дека Северна Македонија оваа година одбележува две децении како земја кандидат, при што направи сериозни реформи и тешки политички компромиси, како што е промената на уставното име. Сепак, според него, пристапниот процес, наместо да биде предвидлив и објективен, доби одлики на политичка условеност и подвижни цели. Тој предупреди дека ваквите билатерални блокади претставуваат закана не само за Северна Македонија, туку и за целиот регион, и потенцира дека процесот на проширување може да биде сериозно загрозен доколку овој тренд продолжи. Во однос на актуелните иницијативи, Лепавцов ја нагласи важноста на Планот за раст и Берлинскиот процес, кои треба да овозможат побрза економска интеграција и подготовка на земјите од Западен Балкан за идно членство. Тој подвлече дека иако овие механизми веќе даваат резултати, преку засилени реформи и конкретни придобивки за граѓаните, сè уште недостасуваат јасни насоки и временска рамка за понатамошната интеграција. Во заклучок, ја истакна важноста од геополитичка одговорност на сите чинители, добрососедски односи и функционална регионална поврзаност, со посебен акцент на реализацијата на Коридорот 8 како дел од поширокиот безбедносен и инфраструктурен концепт.

Во своето обраќање, **Христина Конеска Бероска** истакна дека и покрај долгогодишното учество на Северна Македонија во процесот на европска интеграција, напредокот е често прекинуван и придружен со нови предизвици. Сепак, забележа дека постои позитивен момент во променетата атмосфера во ЕУ, каде што сè поголем број земји-членки, вклучително и оние што претходно биле скептични, сега покажуваат подготвеност и интерес за проширувањето, што треба да се искористи како стратешка можност за регионот. Конеска Бероска посочи дека земјата успешно го заврши скрининг процесот според новата методологија, која во себе ги вклучува и нови, суштински области како владеење на правото и реформа на јавната администрација. Таа нагласи дека следната клучна фаза е имплементацијата на реформите базирани врз препораките од скрининг-извештаите, со посебен фокус на кластерот за фундаментални вредности. Како

предуслов за отворање на тој кластер, таа ги наведе трите конкретни обврски: патоказите за владеење на правото и за реформата на јавната администрација, како и акцискиот план за унапредување на правата на малцинства и заедниците. Потврди дека земјата веќе ги има доставено ревидираните верзии на документите и дека е од суштинско значење тие наскоро да бидат одобрени од Европската комисија, со цел обезбедување јасна рамка за понатамошниот реформски напредок. Покрај политичката волја и административниот капацитет, Конеска Бероска ја нагласи важноста од инклузивност и транспарентност во процесот, со активно вклучување на граѓанското општество и академската заедница. Таа се осврна и на новиот План за раст, потенцирајќи дека реформите што произлегуваат од него не се надворешен услов, туку се дел од суштинските обврски во пристапниот процес. Како посебен предизвик го наведе одржувањето на ентузијазмот и капацитетот на јавната администрација, која со години го носи товарот на преговарачкиот процес, како и потребната комуникација со јавноста, се со цел одржување на поддршката на граѓаните за пристапниот процес. Во заклучок, говорничката истакна дека политичката волја и доследната имплементација на реформите се клучни за приближување кон Европската Унија во време кога проширувањето добива нова политичка тежина.

**Лукаш Мацек** сподели аналитичка и реалистична перспектива за променетата позиција на Франција кон проширувањето на Европската Унија и значењето на концептот за постепена интеграција**.** Тој нагласи дека францускиот однос кон проширувањето отсекогаш бил сложен, но дека од 2022 година, по руската агресија врз Украина, се случи суштинска промена во размислувањето на француските политички елити. За Франција, проширувањето сега сѐ повеќе се гледа низ призмата на геополитиката, како неопходен чекор за обезбедување стабилност во Европа и зајакнување на кредибилитетот на ЕУ како глобален актер. Мацек посочи дека постои силен „француски моментум“ за проширување, но предупреди дека тој не е гарантиран, бидејќи на домашен план постојат сериозни пречки, како што е уставната обврска за референдум за секое идно проширување, а дополнително и политичката неизвесност по изборите во 2027 година. Говорејќи за постепената интеграција, тој го истакна овој концепт како клучна алатка за зајакнување на кредибилитетот на процесот на проширување, но нагласи дека неопходно е тој итно да добие институционална форма. Во тој контекст, Мацек оцени дека земји како Северна Македонија, кои се членки на НАТО и целосно усогласени со заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, имаат поволна стартна позиција да бараат подлабока политичка и институционална вклученост. Дополнително, тој укажа дека дебатата околу институционалните реформи на ЕУ не смее да биде пречка, туку треба да оди паралелно со процесот на проширување, во духот на заемно засилување на двата процеса. Во заклучок, Мацек истакна дека проширувањето може да биде еднакво успешно како и претходните бранови, но само ако сите страни ја препознаат и искористат постоечката временска можност,

покажат способност за компромис и имаат визија за долгорочните интереси на Европа.

**Изабел Јоанидес** го оцени Планот за раст за Западен Балкан како позитивна и потенцијално трансформативна иницијатива што може да го забрза европскиот пат на регионот. Таа го истакна значењето на постепената интеграција како пристап што ги намалува трошоците за прилагодување, ги продлабочува економските врски и нуди конкретни стимули за реформи уште пред формалното членство во ЕУ. Јоанидес посочи дека Планот значително го подобрува економскиот амбиент и привлечноста за странски инвестиции преку усогласување на регулативата и институционалните рамки со стандардите на ЕУ уште во рана фаза од процесот. Ова создава услови за вклучување на регионот во европските синџири на снабдување. Јоанидес нагласи дека Планот им дава поголема одговорност на владите од регионот, бидејќи тие самите ги креираат реформските планови, што пак придонесува кон посилна ангажираност за исполнување на реформите и ја ограничува можноста вината за застои да се префрла исклучиво на Брисел. Таа исто така истакна дека ова е можност за повторно балансирање на односите со ЕУ, не како однос меѓу донатор и примател, туку како партнерство засновано врз заемна обврзаност. Покрај економските бенефити, Јоанидес го гледа Планот како инструмент за справување со „заморот од проширување“, и во регионот и во самата ЕУ, преку овозможување на видливи резултати сега, наместо во далечна, неизвесна иднина. Исто така, таа посочи дека ЕУ преку Планот за раст има јасна цел да ја зајакне својата позиција како главен партнер во регионот, но и да ги вкорени демократските и пазарните реформи со цел стабилизација на политичката и економската ситуација во шесте земји од Западен Балкан. Иако финансиските средства од овој фонд не се доволни и се критикувани од аналитичарите, суштината на Планот лежи во пошироката промена во пристапот на ЕУ кон развојната помош. Овој нов модел преминува од класична помош кон механизам базиран на заеми и инвестиции, што значи дека дел од финансиските средства треба да бидат генерирани и од самите примачи. Во завршниот дел од своето обраќање, Јоанидес ја нагласи важноста на условеноста, истакнувајќи дека нема компромиси кога станува збор за владеењето на правото и демократските стандарди кои се клучни не само од вредносен, туку и од економски аспект, бидејќи инвеститорите бараат правна сигурност. Таа укажа и на долгорочниот карактер на структурното усогласување меѓу регионот и ЕУ, што бара трајна политичка и финансиска поддршка. Таа порача дека амбициите за постепена интеграција и проширување ќе бидат остварливи само ако се поддржат со соодветни финансиски средства, при што се надева дека данското претседателство со Советот на ЕУ ќе го земе тоа предвид при претстојните преговори за новата буџетска рамка на Унијата.

**Берта Лопез Доменеч** се осврна на актуелната дебата во Брисел поврзана со проширувањето на Европската Унија и потребата од внатрешни реформи, нагласувајќи дека двете теми се нераскинливо поврзани. Таа потсети дека по

руската инвазија врз Украина во 2022 година, во Брисел преовладува консензус околу потребата од проширување, но предупреди дека постои јаз помеѓу реториката и конкретните чекори. И покрај ентузијазмот, останува нејасно како точно ќе се реализира проширувањето и кои се очекуваните рокови. Таа нагласи дека Европската комисија сè уште не го објавила најавениот преглед на политиките пред проширување, иако тоа беше ветено во првите 100 дена од мандатот на Урсула фон дер Лајен. Истовремено, во рамките на Советот на ЕУ постојат различни визии меѓу земјите-членки – некои го поддржуваат проширувањето кон Истокот (Украина, Молдавија), други се фокусирани на Западен Балкан, а дел од нив остануваат скептични или незаинтересирани. Особено прашањето за внатрешните реформи, како преминот од едногласно донесување одлуки кон квалификувано мнозинство, предизвикува отпор кај помалите земји. Доменеч оцени дека без напредок во реформите, некои земји-членки го користат тој аргумент како изговор за блокирање на проширувањето, што создава „вртечки круг“ во кој нема вистинско движење напред. Таа ја поздрави најавата на еврокомесарката Марта Кос дека до крајот на мандатот (2029) се очекуваат најмалку две пристапувања, поточно Црна Гора и Албанија, но предупреди дека деталите за тоа како ќе се стигне до таму недостасуваат. Во своето излагање, Доменеч се осврна и на неодамна објавената анализа на EPC, каде се идентификуваат пет можности за реформи и четири модели за проширување. Како најпотенцијална комбинација што ги исполнува геополитичките цели на ЕУ, се издвојуваат моделот на „стратешка регата“ и „брзо големо проширување“, во спој со постепени внатрешни реформи на Унијата. Како заклучок, таа повика на изработка на конкретна патека со јасни обврски и временски рокови од двете страни, и од ЕУ и од кандидатите, со цел да се воспостави взаемна одговорност и доверба во процесот.

## Дискусија

Во делот за дискусија се отворија низа клучни прашања поврзани со иднината на проширувањето на Европската Унија: Каква перспектива нуди нацрт-верзијата на новата повеќегодишна финансиска рамка (2028–2035)? Дали се забележува јасна политичка волја за продолжување на проширувањето? Што се случува со концептот на апсорпционен капацитет, критериум што некогаш беше централна точка во проширувањата, но денес е речиси отсутен од јавната дебата?

Дискусијата што следеше понуди повеќе перспективи:

**Лукаш Мацек** оцени дека нема суштински технички или финансиски пречки за проширување и дека клучна е политичката волја. Тој посочи дека и во претходните проширувања стравувањата околу капацитетот на ЕУ беа преценети, а Унијата се покажа како способна да се адаптира. Нов аспект, според него, е безбедносниот капацитет, односно како ЕУ ќе обезбеди стабилност за кандидати изложени на воени закани, како Украина.

**Изабел Јоанидес** нагласи дека преговорите за новата финансиска рамка ќе бидат тешки, но дека моментумот за проширување постои. Според неа, сега е клучно да се влијае и лобира за дополнителни средства. Ја истакна и потребата од институционални реформи, особено во одлучувањето, каде принципот на едногласност може да биде пречка, што се потврдува со примерите на Украина и блокадите од поединечни земји членки.

**Берта Лопез Доменеч** смета дека техничките аргументи се често изговор за недостаток на политичка волја. Според неа, постоечките институционални механизми се доволни за проширување, особено со оглед на тоа што земјите кандидати од Западен Балкан се релативно мали.

**Христина Конеска Бероска** се осврна на геополитичката динамика, претстојните изборите во Франција и трговските односи со САД и како тие може да влијаат врз буџетските приоритети на ЕУ. Таа посочи дека Планот за раст, пристапот во СЕПА и најавената иницијатива „Бесплатен ВИФИ за земјите од Западен Балкан" носат конкретни придобивки, со што процесот станува поопиплив за граѓаните.

**Андреј Лепавцов** повика на јасни политички решенија – особено за стабилизирање на „сивата зона" на Западниот Балкан. Посочи дека се потребни јасни насоки, временски рамки и институционални реформи. Дополнително, Лепавцов го отвори прашањето на можноста за воведување квалификувано мнозинство при донесување одлуки за проширување на ЕУ, нешто што моментално го поддржуваат 17 земји, но сè уште наидува на отпор кај новите членки. Ова, според него, е централна дилема: дали ЕУ ќе се реформира пред да се прошири, или ќе се обиде да го задржи досегашниот модел.

## Клучни согледувања

- Процесот на проширување на Европската Унија повторно добива значајна геополитичка тежина, пред сè како резултат на серијата кризи, вклучувајќи ја руската агресија врз Украина, што ја нагласува потребата за стабилност и безбедност во регионот.

- Воведувањето на новата методологија за преговори и концептот на постепена интеграција претставуваат значаен исчекор кон поефикасно и поблиско вклучување на земјите кандидати во европските политики и единствениот пазар пред нивното формално членство.

- Сепак, билатералните спорови и политичката условеност во процесот на пристапување го компромитираат неговиот предвидлив и објективен карактер, создавајќи ризици не само за Северна Македонија, туку и за целиот Западен Балкан.

- Политичката волја се идентификува како клучен фактор, додека финансиските и техничките пречки се помалку значајни за процесот на проширување, додека Европската Унија има капацитет да се прилагоди на предизвиците на проширувањето.

- Иницијативи како Планот за раст и Берлинскиот процес обезбедуваат конкретни економски и инфраструктурни придобивки, кои ја прават интеграцијата поопиплива за граѓаните, но јавната поддршка и ефективната комуникација со општеството остануваат предизвик.

- Потребни се значајни институционални реформи во Европската Унија, особено во однос на процесот на донесување одлуки, каде воведувањето на квалификувано мнозинство може да придонесе за отстранување на неефикасноста предизвикана од едногласноста.

- Глобалната геополитичка динамика, како и домашните политички процеси во земјите-членки, влијаат врз приоритетите и буџетските определби во однос на проширувањето.

## Препораки

- Да се воспостават јасни и реални временски рамки за процесот на проширување, како и конкретни обврски и механизми за отчетност од страна на Европската Унија и земјите кандидати, со цел обезбедување на стабилност и предвидливост на процесот на проширување на ЕУ.

- Да се зајакне политичката волја преку надминување на билатералните конфликти и условености, поттикнувајќи го дијалогот и регионалната соработка како предуслови за напредок.

- Да се овозможи поголема инклузивност и транспарентност во реформските процеси, вклучително и активно вклучување на граѓанското општество и стручната јавност, со цел зголемување на поддршката и довербата во пристапниот процес.

- Да се институционализира и унапреди концептот на постепена интеграција како механизам за побрзо и ефикасно приближување кон Европската Унија.

- Да се разгледа и потенцијално воведе квалификувано мнозинство во процесот на донесување одлуки за проширување на ЕУ, со цел елиминирање на можноста за еднострани блокади и забрзување на процесот.

## Панел 2: Владеењето на правото како клучен столб на темелите и преговорите за пристапување во ЕУ

На втората панел-дискусија учествуваа: Мирјана Лазарова Трајковска, судијка на Врховниот суд и поранешна судијка во Европскиот суд за човекови права; Ирина Трајкоска Стрезоски, директорка на Академијата за судии и јавни обвинители; Александра Цветановска, посебна советничка на министерот за правда на Северна Македонија; и Дарко Аврамовски, извршен директор на Коалицијата „Сите за правично судење. Дискусијата се фокусираше на клучните предизвици во правосудниот систем, вклучително и транспарентноста и отчетноста на судството, кадровската политика, како и потребата од финансиска независност на судовите.

**Мирјана Лазарова Трајковска** зборуваше за перцепцијата дека судовите постапуваат селективно и пристрасно под јавен притисок, нагласувајќи дека тоа директно влијае на довербата во правосудството, правната сигурност и еднаквоста пред законот. Според неа, интегритетот на судиите и транспарентната комуникација со јавноста се од суштинско значење. Подвлече дека јавноста има право на критика, но пресудите, судиите мора да ги носат според законот, а не под влијание на медиуми или општествени очекувања. Во врска со слабата примена на законите, судијката укажа дека истата е резултат на политички, институционални и правни препреки. Таа посочи на проблемот со недоволното буџетско финансирање на судството, што го прави судството зависно од извршната власт. Недостигот од човечки ресурси, ограничени услови за работа и честите кадровски заминувања, според неа, дополнително го загрозуваат квалитетот и ефикасноста на судскиот систем. Во однос на примената на праксата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), оцени дека има напредок, особено кај повисоките судови, но дека примената сè уште не е системска. Таа ја нагласи важноста од следење не само на домашни случаи туку и на споредливи предмети од други земји, со цел да се подобри квалитетот на судските одлуки и да се спречи селективност. На прашањето за најголемите ризици за стабилноста на судството, Мирјана ги идентификуваше: недостаток на кадар, застој во дигитализацијата, слаба кадровска политика и отпор кон јавна комуникација. Според неа, дигитализацијата и модернизацијата се нужни за ефикасно и достапно судство. Таа апелираше за вклучување на судството во креирањето реформи и политики, и изрази загриженост што дел од законските измени се носат без консултации со Врховниот суд или стручната јавност. Како клучен чекор за враќање на довербата во судството, судијката го посочи обезбедувањето финансиска независност. Истакна дека вистинска реформа е невозможна без судовите самостојно да го управуваат со својот буџет. Само со доволни ресурси, според неа, може да се обезбеди кадровска стабилност, современи услови за работа и структурни промени без потреба од законски измени.

**Ирина Трајкоска Стрезоски,** нагласи дека Академијата за судии и јавни обвинители во своите програми за почетна и континуирана обука систематски ги вградува темите за интегритет, етика и отпорност на притисоци. Обуките се поддржани од меѓународни партнери, а искусни судии и обвинители се вклучени како обучувачи. Според неа, развојот на интегритетот не е интуитивен, туку се гради низ стручна обука, професионални стандарди и средина што поттикнува етичко однесување. Таа посочи дека Академијата редовно добива повратни информации од судовите и обвинителствата, кои се користат за прилагодување на модулите според реалните предизвици. Меѓу приоритетите се теми како примената на европското право и праксата на ЕСЧП, кои се интегрирани во наставата и во трите модули – кривичен, граѓански и право на ЕУ. Во однос на недостатокот од нови кадри, Стрезоски истакна дека Академијата има капацитет да организира нов прием штом се обезбедат средства, но укажа и на потребата од законски измени за поедноставување на долготрајниот и комплексен процес за влез во Академијата. Како бариери ги наведе високите критериуми за прием, вклучително и тестовите за интегритет и јазик кои се реткост во Европа. На крај, таа подвлече дека Академијата придонесува за култура на отчетност не само преку формални обуки, туку и преку создавање професионална средина, размена на искуства и промоција на вредности кои резултираат со правични, стручни и јасни судски одлуки.

Во своето излагање, **Александра Цветановска** ја нагласи важноста на Реформската агенда како клучен инструмент за враќање на довербата во правосудството. Таа посочи дека Министерството за правда е фокусирано на транспарентен процес на изработка и донесување на законите, при што во владина процедура се наоѓаат осум закони од Реформската агенда, од кои седум се веќе во напредна фаза. Специфично го спомена Законот за Судски совет, како пример за транспарентен и инклузивен процес, во кој, како што рече, се вклучени сите релевантни чинители, вклучувајќи граѓански организации и експерти. Во однос на вклученоста на граѓанскиот сектор, Цветановска истакна дека организациите се максимално вклучени преку мрежи и платформи како Blueprint и други, при што тие номинираат свои претставници. Јавните дебати и консултации се објавуваат јавно, со рок од 30 дена за поднесување сугестии и коментари, што ја зголемува транспарентноста и учеството на јавноста. Во делот на спроведување на Реформската агенда, Цветановска објасни дека законите со рок до јуни 2025 се веќе во владина процедура, додека законите за кривична постапка и кривичиот законик, со рок декември 2025 година се во фаза на интензивна подготовка и усогласување со европските стандарди. Таа потенцираше дека фокусот не е на брзина, туку на квалитетно носење на законите. Таа сподели дека Министерството се соочувало со предизвик при собирањето и обработката на податоци за мониторинг на Развојната секторска стратегија за правосудство, за што развило електронска алатка која овозможува подобар увид и следење на спроведувањето на активностите и чекорите. Според неа, ова ќе овозможи навремена интервенција и прилагодување на акциските планови. Во однос на усогласувањето со европското законодавство, особено во рамките на Поглавје 23, таа истакна дека Министерството активно ги следи препораките на Европската комисија и Венецијанската комисија, а како пример го

посочи Законот за Судски совет. Таа нагласи дека постои добра координација и соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, особено во делот на планирање на кадровските потреби и реформските чекори, при што судиите и јавните обвинители се вклучени во процесот на изработка и усогласување на законите, заедно со други релевантни институции. На крајот, Цветановска нагласи дека Министерството за правда ги следи зацртаните чекори од Реформската агенда и Развојната секторска стратегија, при што клучните закони за враќање на довербата во правосудството се во различни фази на процесот и се сметаат за приоритет.

**Дарко Аврамовски** во своето излагање укажа на невоедначената судска пракса како еден од клучните предизвици во правосудниот систем. Иако не секогаш резултат на јавен притисок, различните одлуки за слични случаи без соодветни образложенија го нарушуваат принципот на предвидливост на правото. Аврамовски потенцираше дека јавното и јасно образложение на судските одлуки е суштински елемент, особено кога тие отстапуваат од воспоставената пракса, повикувајќи се и на стандардите на Европскиот суд за човекови права. Во однос на реформските процеси, посочи дека проблемот не е само во недостигот на политичка волја, туку пред сè во отсуството на дисциплина и решителност кај институциите и клучните чинители. Потфрлањето во секојдневното спроведување на елементарни обврски, како транспарентноста во објавување одлуки, според него, е индикатор за пошироко институционално отсуство на одговорност. Како пример ја наведе неподготвеноста на судските чинители да изработат реален и конкретен план за обезбедување на независен судски буџет, иако ваквата заложба постои во речиси сите релевантни документи и стратешки приоритети. Аврамовски ја презентираше и методологијата што Коалицијата „Сите за правично судење“ ја користи за мониторинг на судските постапки, при што се анализираат и квантитативни и квалитативни индикатори, како времетраење на постапки, број на рочишта, причините за одлагање, комуникацијата на судиите со странките и нивниот однос кон јавноста. Истакна дека бил забележан одреден напредок во начинот на однесување на судиите, но посочи дека ефектот на присуство на набљудувачи може да влијае врз автентичноста на нивното однесување во судницата. Нагласи и дека загрижувачки наоди биле изнесени во однос на недостатокот на кадар, особено надвор од главниот град. Сподели и дека нивните податоци укажуваат на драстично зголемување на периодите помеѓу рочишта во граѓанските предмети. Аврамовски нагласи дека недостатокот на стручни соработници и административен кадар ги оптоварува судиите и обвинителите со дополнителни задачи, што сериозно влијае врз квалитетот на судските процеси. Како еден клучен чекор за враќање на довербата во правосудството, Аврамовски го истакна потребното демонстрирање на дисциплина и решителност во секојдневното работење. Според него, реформите треба да почнат од малите, практични промени кои не бараат дополнителни ресурси или законски измени, но носат силна симболика и ефект за поширока институционална промена.

## Дискусија

По излагањата на панелистите, дискусијата продолжи со активни вклучувања од присутните учесници, кои отворија неколку клучни прашања поврзани со владеењето на правото, институционалната функционалност и капацитетите на системот за заштита на правата.

Претседателот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го отвори **прашањето за реалната еднаквост и пристап до јавни услуги**, укажувајќи дека, и покрај законската рамка која гарантира еднаквост, граѓаните во одредени делови од државата се соочуваат со недостаток од основна инфраструктура и институционална поддршка. Ваквото запоставување беше посочено како форма на структурна нееднаквост, која директно влијае врз квалитетот на животот и правната сигурност на граѓаните.

Дополнително, беа посочени примери на **нееднаква примена на законот** во различни делови од земјата, при што идентични случаи добиваат различни судски разрешници во зависност од локацијата. Оваа непостојаност во судската пракса беше нагласена како сериозен извор на недоверба во институциите и правниот систем во целина.

**Политичкото влијание врз институциите** беше исто така интензивно дискутирано. Повеќе говорници ја посочија партизацијата како сериозен проблем кој ги поткопува капацитетите и независноста на институциите, особено во правосудниот сектор. Беше истакнато дека иако реформите се често најавувани и стратегиски документи се усвојуваат, нивната имплементација останува ограничена поради недостаток од политичка волја и континуитет.

На крајот од дискусијата се отвори прашањето за **односот на државата кон меѓународните тела**, каде што државата е рамноправна членка. Се укажа дека пристапот често е пасивен и ограничен на исполнување на надворешни препораки, без развивање сопствена иницијатива или критичка анализа. Во таа смисла, беше истакната потребата од посилен внатрешен дијалог и поголемо вклучување на домашни експерти кои имаат долгогодишно искуство и учество во таквите меѓународни тела. Се истакна дека овој пристап би овозможил посуштински и автентичен напредок во реформските процеси.

## Клучни согледувања

- Судскиот систем се соочува со перцепција на селективност и пристрасност под влијание на јавен и политички притисок, што ја намалува довербата во владеењето на правото и еднаквоста пред законот.
- Недоволната финансиска независност и ограничените човечки ресурси го ослабуваат функционирањето и ефикасноста на судството.

- Академијата за судии и јавни обвинители врши систематска обука насочена кон интегритет и етика, но процесот на прием на нови кадри е сложен и бара законски поедноставувања.
- Реформската агенда е клучен инструмент во процесот на враќање на довербата во правосудството, а нејзиното исполнување овозможува транспарентен и инклузивен процес на изработка и усогласување на законите со европските стандарди, вклучувајќи и активно учество на граѓанскиот сектор и релевантни институции.
- Нееднаквата и непредвидлива судска пракса, особено поради недоволно образложени судски одлуки, го нарушува принципот на правна сигурност и еднаквост.
- Постои недостаток на политичка волја и дисциплина во институциите, што го успорува спроведувањето на реформските мерки.
- Политичкото влијание и партизацијата претставуваат сериозни пречки за независноста и интегритетот на институциите.
- Државата во односот со меѓународните тела покажува пасивен пристап, ограничен на имплементација на надворешни препораки, без развој на сопствени иницијативи и критички анализи, што го намалува ефектот од реформските процеси.

## Препораки

- Да се обезбеди финансиска независност на судовите преку самостојно управување со буџетот, со цел оодбегнување политичкото влијание врз судството и подобрување на довербата во истото.
- Да се поедностават законските и административните процедури за прием и обука на нови судии и јавни обвинители во Академијата за судии и јавни обвинители, како и да се обезбедат дополнителни ресурси за Академијата за успешно обучување на нови кадри.
- Да се унапреди транспарентноста и отчетноста во судските постапки преку јавно и јасно образложување на одлуките, особено кога тие отстапуваат од праксата.
- Потребна е политичка волја и континуитет во реформите, преку механизми кои ќе го заштитат интегритетот на институциите и нивната независност.
- Да се интензивира внатрешниот дијалог и да се вклучат домашни експерти во реформските процеси за постигнување посуштински и автентични резултати.

- Да се унапреди процесот на дигитализација и модернизација на судството за ефикасност и достапност.

- Да се обезбеди активно учество на судството во креирањето реформи и законодавство, со вклучување на стручната јавност и релевантни институции.

## Заклучни согледувања

Конференцијата посветена на проширувањето на Европската Унија и владеењето на правото ја отвори можноста за отворен дијалог меѓу носителите на политики, експертите и граѓанските актери за состојбата со владеењето на правото во Северна Македонија и во регионот, но и за тоа како ЕУ ги следи и поддржува реформите во оваа област. Од дискусиите произлегоа неколку важни согледувања и насоки за дејствување.

Првиот панел ја истакна новата политичка динамика и можностите за пристапување како резултат на новите приоритети на ЕУ, како и постепената интеграција што отвора прозорец за Северна Македонија да ги интензивира реформските напори. Меѓутоа, беше потенцирана и потребата од поголема внатрешна консолидираност, поефикасна надворешна политика и подобра координација помеѓу домашните институции, како предуслови за забрзување на евроинтегративниот процес. Во паралела со тоа, беше посочено дека процесот на проширување на ЕУ мора да биде кредибилен и предвидлив. Очекувањата се дека Унијата ќе продолжи да го користи својот политички и економски капацитет за да ги поддржи реформите, но и дека ќе обезбеди јасни, транспарентни и објективни критериуми за оценување на напредокот.

Учесниците потенцираа и дека реформите нема да бидат одржливи доколку не вклучуваат широка општествена поддршка. Граѓанското општество, медиумите, академската заедница и релеватните чинитители мора да имаат системска улога во креирањето, следењето и оценувањето на реформските процеси. За таа цел, неопходна е посилна вклученост на овие актери во дијалогот со институциите, но и подобри услови за нивна работа. Се истакна дека процесот на европска интеграција мора да биде двонасочен, односно државите-кандидатки да покажат посветеност и резултати, а Европската Унија да одговори со принципиелност, предвидливост и подготвеност за проширување.

Втората панел-дискусија се осврна на домашниот контекст, на состојбата со владеењетона правото во Северна Македонија и на предизвиците со кои се соочува судскиот систем. Преку примери и коментари се отвори прашањето за влијанието на јавниот притисок врз судските постапки, но и за политичките притисоци кои го нарушуваат впечатокот за еднаквост пред законот. Се нагласи дека нееднаквиот пристап кон предметите и перцепцијата за селективна правда ја поткопуваат правната сигурност и ја рушат довербата на граѓаните во правниот систем. Посебно се истакна важноста од стабилен и самостоен судски буџет, одржлив човечки капацитет и активна улога на правосудните органи во креирањето на реформите.

Дополнително, беше истакната важноста од доследна примена на законите, професионалност во изборот и унапредувањето на судиите и јавните обвинители, како и од транспарентно и ефективно функционирање на целиот судски систем. Се истакна дека е потребно институционализирање на соработката со граѓанското општество, кое може да даде значаен придонес во креирањето, мониторингот и анализа на реформите. Се истакна и дека Северна Македонија сè уште се потпира на надворешни препораки, без доволно внатрешен дијалог за истите и иницијативност за самореформирање.

Конференцијата ја потврди клучната порака дека европската интеграција и владеењето на правото се неразделно поврзани процеси. Напредокот во владеењето на правото не е само техничко прашање, туку основен показател за демократска зрелост и институционален капацитет. За земјите од Западен Балкан, тоа претставува најважен аргумент и најголема вредност во процесот на приближување кон ЕУ. Долгорочната стабилност и напредокот на евроинтегративниот пат зависат од способноста на државите да спроведат доследни реформи, да воспостават транспарентни и одговорни институции и да изградат партнерство со ЕУ засновано на доверба, исполнување на обврски и заеднички интереси.